- Ажурираните геодетски подлоги ќе се изработуваат на сите подрачја на територија на општината каде со Програмата за уредување на градежното земјиште ќе се предвиди изработка на урбанистички план;.

- Во случаите кога во Урбанистичкиот план за населено место, Урбанистичкиот план вон населено место или во Урбанистичкиот проект на една градежна парцела е утврдена апроксимативна површина за градење наменета за комплексна градба или комплекс на градби, се изработува архитектонско-урбанистички проект, во кој се применуваат планските одредби урврдени со урбанистичкиот план или

урбанистичкиот проект. Изработката на архитектонско-урбанистичкиот проект го финансира барателот на истиот!

**5.ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА**

Појдовна големина за пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со Програмата за уредување на градежното земјиште.

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се врши по **1м$^2$** нето корисна површина според важечките технички нормативи согласно член 6 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Сл.весник на РМ" бр.80/2001 и 85/2001).

**Не се плаќа** надомест за уредување на градежно земјиште за објекти ослободени со Одлука на Советот на општина Долнени.

Не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште за објекти кои претрпеле штети од елементарни непогоди (пожари, поплави, снегови, земјотреси) до висина на нето површината на оштетениот објект, објекти на Месните самоуправи, објекти на Локалната самоуправа и објекти кои ќе се градат со средства од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Јавните претпријатија кои вршат комунални дејности на подрачјето на општина Долнени, плаќаат за уредувањето на градежното земјиште во висина од 30% од вредноста на објектите од комуналната инфраструктура што ја градат и се од нивна надлежност.

По иницијатива на жителите на населените места, а во услови кога истите се заинтересирани со месен самопридонес да учествуваат во уредувањето на комуналната инфраструктура, населението ќе учествува со **50%** од вредноста на комуналните објекти и инсталации.

За доградба и надградба на постојните објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува **100%** од утврдениот износ по 1м$^2$ корисна површина.

За изградба, реконструкција и доградба на помошни простории наменети за летни кујни, санитарни чворови, шупи, бараки, настрешници, кои се надвор од станбените објекти, а во границите на парцелата, инвеститорите ќе плаќаат на име надомест за уредување на градежно земјиште во висина од **30%** од надоместокот утврден со Програмата.

Плаќањето се врши на сметка на Буџет на општината и средствата се користат за уредување на градежното земјиште.

Меѓусебните права и обврски за уредувањето на градежното земјиште врз основа на документ за сопственост, Решение за локациски услови и Основен проект заверен од општина Долнени, се уредуваат со **Договор** склучен помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на општината.

**Договорот за уредување на градежното земјиште го потпишува Градоначалникот на општината.**

Ако инвеститорот не сака да склучи Договор, а користи макар и делумно уредено земјиште, плаќањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште се врши по сила на Закон и оваа Програма по судски пат.

Доколку при изградбата инвеститорите отстапуваат од техничката документација, а се здобиле со нова станбена или деловна површина, должни се да платат соодветна разлика. Истата се уредува со **Анекс Договор** за уредување на градежното земјиште за новоизградената површина, според утврдениот надоместок во моментот на плаќањето, а по претходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

До колку вкупниот пресметан просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа според реално направените трошоци, по посебен трошковник, за уредување на локацијата и на соодветниот дел од пошироката локација што ќе се регулира со Анекс кон Договорот за уредување на градежното земјиште.

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци од комуналната инфраструктура.

За изградба на објекти во населените места утврдени со Програмата, ќе се плаќа надоместок за финансирање на изработка на урбанистички планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува според посебни пресметки за секој објект што ќе се гради, а врз основа на вистинските трошоци за уредување на градежното земјиште, односно според единица површина на објектот во зависност од намената и зоната во која што објектот ќе се гради.

**<u>Во однос на зоната</u>**, утврдени се следниве цени по м$^2$ корисна површина:

| | **станбен (ЕУР/м$^2$)** | **деловен (ЕУР/м$^2$)** |
|---|---|---|
| - **ПРВА ЗОНА** (повисок степен) | **2** | **3** |
| - **ВТОРА ЗОНА** (основен степен) | **1** | **2** |
| - **ТРЕТА ЗОНА** (понизок степен) | **1** | **1** |

**<u>Во однос на намената</u>**, надоместокот ќе се пресметува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, според единица површина на објектот помножена со следните коефициенти:

***1. Станбени објекти***

| **Реден број** | **Вид на објектот** | **Коефициент** |
|---|---|---|
| **1** | Станбени простории | 1,0 |
| **2** | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор | 0,2 |
| **3** | Логија затворена од три страни | 0,4 |
| **4** | Подлогија затворена од две страни | 0,3 |
| **5** | Балкони, тераси | 0,2 |
| **6** | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| **7** | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| **8** | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| **9** | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| **10** | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |
| **11** | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |

***2. Деловни, јавни и производни објекти***

| **Реден Број** | **Вид на објектот** | **Коефициент** |
|---|---|---|
| **1** | Простории | 1,0 |
| **2** | Магацини | 0,5 |
| **3** | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| **4** | Трафостаница до 35 Кв во објект и надвор од објект | 0,4 |

| | | |
|---|---|---|
| **5** | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| **6** | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| **7** | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| **8** | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| **9** | Балкони, тераси | 0,4 |
| **10** | Отворен наткриен простор | 0,3 |

***3. Други објекти***

| **Реден Број** | **Вид на објектот** | **Коефициент** |
|---|---|---|
| **1** | Катна гаража | 0,2 |
| **2** | Спортски покриени објекти | 0,5 |
| **3** | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| **4** | Бензиски пумпи, гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 |
| **5** | Отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата | 1,0 |
| **6** | Базени | 0,2 |
| **7** | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 |

- Во корисната површина не се пресметува површината на ѕидови и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна за лифтови, тремови, ниши на врати, базени, непокриени тераси, паркиралишта и отворени спортски игралишта.

- За настрешници, цистерни, летни бавчи, магацински простории за складирање, трафостаници и други слични објекти ќе се пресметуваат по коефициент 0,4;

- Магацински објекти и простории од кои се врши продажба, услуги и сл.дејности да се пресметуваат со коефициент 1;

- Реконструкција на сите видови на објекти ќе се пресметува во висина од 30% од цената во зависност од степенот на уреденост на земјиштето.

- За градилиштата кои зафаќаат јавна површина ќе плаќаат надоместок во висина од 0,2 % од цената, за период од една година, во зависно од степенот на уреденост на земјиштето- од ден.

**Износите ќе се плаќаат во денарска противвредност од денот на наплатата по средниот курс на НБРМ.**

**6.1. РАСПОРЕД НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Во зависност од опременоста и опремувањето на градежното земјиште процентуалното учество на инфраструктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежното земјиште ориентационо изнесува:

1. Објекти и инсталации од заедничко користење 30%
2. Објекти и инсталации од индивидуално користење 70%, од кои за:
    - фекална канализација 23%,
    - атмосферска канализација 23%,
    - водовод 6%,
    - ННМ (без трафостаница) 12%,
    - коловоз асфалт 27%,
    - тротоари 9%.

Конкретното распоредување на надоместокот за уредување ќе се определува посебно за секоја локација или комплекс на објекти, а посебно во зависност од тоа какви комунални објекти се изградени или истите се градат.

Овој распоред на надоместокот за уредување на градежното земјиште се однесува и за надоместокот што е платен од претходните години.

Сопственикот на градежното земјиште мора да обезбеди **Согласност** за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие. Доколку на добие писмена Согласност од комуналното претпријатие, општината ќе склучи Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена Согласност.

**6.2. НАДОМЕСТОК, ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ**

Инвеститорите на комунални објекти и инсталации: улици, канализација, водовод, електромрежа, ПТТ мрежа, кабловска мрежа, како и други видови објекти и инсталации ќе плаќаат надоместок во висина на вредноста на градежните работи и тоа за вредност:

- до 100.000,оо ден. ______________1,5% но не помалку од 1.000,оо ден.
- од 100.000,оо до 500.000,оо ден. ___0,7% но не помалку од 1.500,оо ден.
- од 500.000,оо до1.000.000,оо ден. __0,6% но не помалку од 3.500,оо ден.
- од 1.000.000,оо до 5.000.00,оо ден. _0,4% но не помалку од 6.000,оо ден.
- над 5.000.000,оо ден. ____________ 0,3% но не помалку од 20.000,оо ден.

Инвеститорите на градежни и градежно занатски работи на објектите, тековно и инвестициono одржување, поправки, адаптации и слични работи, на кои не се засметува надоместок за уредување на градежното земјиште, ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вредноста на градежните и градежно занатските работи, но **не помалку од 1.500,оо денари.**

Од обврска за плаќање на надоместок за претходни работи во комуналното уредување, ослободени се инвеститори на објекти кои се градат со средства на солидарност, самопридонеси, објекти кои се градат од средствата за уредување на градежното земјиште, објекти кои се градат со средства од странска помош и сите категории на објекти кои со Закон се ослободени од плаќање надоместок за уредување на градежното земјиште.

Средствата што ќе ги плаќаат инвеститорите се пресметуваат врз основа на соодветни пресметки што ќе ги прави Одделението за комунални дејности, урбанизам и заштита на животната средина при општина Долнени, а се уплаќаат на сметка на Буџетот на општина Долнени.

Висината на надоместокот на градежните работи да се определува со превземање на цените од тендерска документација.

Доколку Локалната Самоуправа нема утврдени цени за определена градежна работа, истата ќе се определи според просечната цена од три субјекти во тековниот период.

**Уплаќањето на средствата се врши пред издавање на Одобрението за градбење!**

**6.3. ОПШТИ УСЛОВИ ВО УРЕДУВАЊЕТО**

- При изградба на нови објекти, за кои претходно треба да се порушат стари објекти, од површината која е предмет на наплата на трошоци за уредување на градежното земјиште, се одбива површината на постојниот објект, при што минималното учество во надоместокот за уредување не може да биде помало од 50% од износот утврден со Програмата.

- Во случај кога новиот објект зафаќа површина помала од 50% од стариот објект се одбива само површината што ја зафаќа новиот објект.

- Ако новиот објект не зафаќа површина од стариот објект кој се наоѓа во состав на истата градежна парцела, а стариот објект е предвиден за порушување, пресметката на надоместокот за уредување на градежното земјиште за новиот објект се пресметува 100%, а враќањето на дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште по овој основ се врши после порушување на стариот објект.

Согласно чл. 46 од Правилникот за стандарди и нормативи на урбанистичкото планирање (Сл.вес. на РМ бр.78/06 и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на

трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост по Сл.вес. бр.80/2001 и 85/2001), максималната височина на слеме е до 4.50м над завршниот венец на градбата, а со урбанистички план може да се одреди помала или поголема височина во зависност од ендемскиот архитектонски израз или за специјални градби. Во рамките на дозволената висина на слемето се уредува потпокривен корисен простор во кој може да се користи само една спратна височина, и овие простории се пресметуваат со коефициент 0,1 а за површината на просторот во поткровје каде корисната висина е поголема од 2,5м, се пресметува со коефициент 1,0. Косината и обликувањето на кровот мора да биде согласно чл.47 и чл. 48 од Правилникот за стандарди и нормативи на урбанистичкото планирање (Сл.вес. на РМ бр.78/06)

За паркиралишта односно гаражи во рамките на објект, корисната површина се множи со коефициент 0,1.

Градбите и деловите од градби изградени без одобрение за градење се бесправни градби. Деловите од градбата изградени спротивно на заверениот проект и одобрението за градење се основ за ништовност на одобрението за градење.

Доколку инвеститорот бара да добие ново Решение за локациски услови, со кое истиот ќе се здобие со нов станбен или деловен простор, плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште согласно Програмата.

Времени објекти и урбана опрема ќе се поставуваат врз основа на микролокациски услови и одобрение издадени од Градоначалникот на општината. Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на времени објекти и урбана опрема, која ја донесува Советот на општината по претходно добиена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите за управување со градежно земјиште.

**7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА**

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува Договор за надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно меѓу инвеститорот од една страна и општина Долнени од друга страна, врз основа на заверена техничка документација и доставени согласности, со кој се регулираат правата и обврските на договорните страни со утврдени рокови за извршување на истите. Договорот за уредување на градежното земјиште го потпишува Градоначалникот на општината.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено УПС или УПВНМ и не е целосно изградена секундарната инфраструктура а сопственикот на земјиштето инсистира сам со свои средства да ја гради истата согласно заверена техничка документација за градење, должен е на Локалната самоуправа да и надомести трошок во висина од 30% од надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден со Програмата, и да овозможи на идните сопственици на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест. Инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам треба да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и истата да ја предаде на Локалната самоуправа без надомест.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел или ги изведува самоиницијативно без учество на општината, а пред склучување на писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитетите во кои по донедувањето на УПС или УПВНМ истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктурата, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците – делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуалната комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на Локалната самоуправа, да се овозможи приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на Локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

**8. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

За изработка на проектно-техничка документација за изградба на објекти од интерес на општината (инфраструктурни објекти, пречистителни станица и сл.), покрај сопствени средства, ќе се бараат донации од меѓународни организации, средства од институциите на Република Македонија како и претпристапните фондови на ЕУ.

**9. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето на оваа програма ќе зависи од:

- Приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и обезбедување на другите средства (донации, самопридонеси и сл.);

-Навремено изготвување на Урбанистичка и проектно-техничката документација;

- Навремено распишување на тендери, конкурси и лицитации согласно Законот за јавни набавки.

Опремувањето на земјиштето да отпочне по добивање на Одобрение за градба за објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

**10. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1. Предлагач на оваа Програма е Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на општина Долнени.
2. За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Долнени.
3. Со влегување во сила на оваа програма, престанува да важи Одлуката за уредување на градежното земјиште на општина Долнени (Сл.гласник на општина Долнени бр._____)
4. Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Долнени".

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Долнени ("Службен гласник на општина Долнени"бр.8/05) Градоначалникот на Општина Долнени донесе:**

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување. Одлука за изработка на локална урбанистичка документација во општина Долнени .**

**1. Се прогласува Одлука за изработка на локална урбанистичка документација во општина Долнени. бр. 07- 1442/7 донесена од советот на Општина Долнени на ден 14.10.2009 год.**

**2. Одлуката ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Долнени.**

**Бр.08-1471/6 Градоначалник**

**21.10.2009 год. Абдула Бајрамоски с.р**

**Долнени.**

---

Врз основа на член 17-а став 1 и 2, член 50-а став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (``Сл.весник на РМ`` бр.91/09) и член 28 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени`` бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 14.10. 2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за изработка на локална урбанистичка планска документација во општина Долнени**

**Член 1**

Оваа Одлука ќе претставува дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистичко-планска документација на општина Долнени за 2009 г.

**Член 2**

Изработка на локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) се прави по поднесено барање-иницијатива од лицата: Ангеле и Роберт Макрески од Прилеп, Сенад Црновршанин од Лажани, Алил Џафероски од Лажани, Невзал Алиоски од Црнилиште и Иса Садулоски од Дебреште.

Овие иницијативи за изработка на локална урбанистичка планска документација предходно се прифатени од страна на Комисијата за урбанизам при општина Долнени.

**Член 3**

Изработката на оваа локална урбанистичка планска документација мора да е во согласност со позитивниот Закон за просторно и урбанистичко планирање и Правилник за стандарди и нормативи за планирање.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

Врз основа на член 17-а став 1 и 2, член 50-а став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (``Сл.весник на РМ`` бр.91/09) и член 28 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени`` бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 14.10. 2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за изработка на локална урбанистичка планска документација за КП бр.2653 за КО Небрегово**

**Член 1**

Оваа Одлука ќе претставува дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистичко-планска документација на општина Долнени за 2009 г.

**Член 2**

Изработката на локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) се прави по поднесено барање-иницијатива бр.03-1251/1 од 09.09.2009 година од лицата Ангеле и Роберт Макрески од Прилеп, сопственици на КП бр.2653, а предходно прифатена од страна на Комисијата за урбанизам при општина Долнени.

**Член 3**

Изработка на локална урбанистичка планска документација се прави за КП бр.2653 во м.в.Сивец за КО Небрегово, класа 6 со површина од 25 000 $м^2$.

**Член 4**

Изработката на оваа локална урбанистичка планска документација мора да е во согласност со позитивниот Закон за просторно и урбанистичко планирање и Правилник за стандарди и нормативи за планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

Врз основа на член 17-а став 1 и 2, член 50-а став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (``Сл.весник на РМ`` бр.91/09) и член 28 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени`` бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 14.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за изработка на локална урбанистичка планска документација за КП бр.1794/2 за КО Лажани**

**Член 1**

Оваа Одлука ќе претставува дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистичко-планска документација на општина Долнени за 2009 г.

**Член 2**

Изработката на локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) се прави по поднесено барање-иницијатива бр.03-1336/1 од 28.09.2009 година од лицето Сенад Црновршанин од Лажани, сопственик на КП бр.1794/2, а предходно прифатена од страна на Комисијата за урбанизам при општина Долнени.

**Член 3**

Изработка на локална урбанистичка планска документација се прави за КП бр.1794/2 во м.в.Село за КО Лажани, со површина од 535 м$^2$.

**Член 4**

Изработката на оваа локална урбанистичка планска документација мора да е во согласност со позитивниот Закон за просторно и урбанистичко планирање и Правилник за стандарди и нормативи за планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

Врз основа на член 17-а став 1 и 2, член 50-а став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (``Сл.весник на РМ`` бр.91/09) и член 28 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени`` бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 14.10.2009 година, донесе:

## О Д Л У К А

**за изработка на локална урбанистичка планска документација за КП бр.1082/4 за КО Лажани**

**Член 1**

Оваа Одлука ќе претставува дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистичко-планска документација на општина Долнени за 2009 г.

**Член 2**

Изработката на локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) се прави по поднесено барање-иницијатива бр.03-1366/1 од 01.10.2009 година од лицето Алил Џафероски од Лажани, сопственик на КП бр.1082/4, а предходно прифатена од страна на Комисијата за урбанизам при општина Долнени.

**Член 3**

Изработка на локална урбанистичка планска документација се прави за КП бр.1082/4 во м.в.Копачина за КО Лажани, класа 2 со површина од 7400 м$^2$.

**Член 4**

Изработката на оваа локална урбанистичка планска документација мора да е во согласност со позитивниот Закон за просторно и урбанистичко планирање и Правилник за стандарди и нормативи за планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

Врз основа на член 17-а став 1 и 2, член 50-а став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (``Сл.весник на РМ`` бр.91/09) и член 28 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени`` бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 14.10.2009 година, донесе:

## О Д Л У К А

**за изработка на локална урбанистичка планска документација за КП бр.1783/3 за КО Црнилиште**

**Член 1**

Оваа Одлука ќе претставува дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистичко-планска документација на општина Долнени за 2009 г.

**Член 2**

Изработката на локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) се прави по поднесено барање-иницијатива бр.03-1400/2 од 06.10.2009 година од лицето Невзал Алиоски од Црнилиште, сопственик на КП бр.1783/3, а предходно прифатена од страна на Комисијата за урбанизам при општина Долнени.

**Член 3**

Изработка на локална урбанистичка планска документација се прави за КП бр.1783/3 во м.в.Копачина за КО Црнилиште, со површина од 80 м$^2$.

**Член 4**

Изработката на оваа локална урбанистичка планска документација мора да е во согласност со позитивниот Закон за просторно и урбанистичко планирање и Правилник за стандарди и нормативи за планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

Врз основа на член 17-а став 1 и 2, член 50-а став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (``Сл.весник на РМ`` бр.91/09) и член 28 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени`` бр.8/05), Советот на општина Долнени на седницата одржана на ден 14.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изработка на локална урбанистичка планска документација за КП бр.731 и 834 за КО Дебреште**

**Член 1**

Оваа Одлука ќе претставува дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистичко-планска документација на општина Долнени за 2009 г.

**Член 2**

Изработката на локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) се прави по поднесено барање-иницијатива бр.03-1395/1 од 06.10.2009 година од лицето Иса Садулоски од Дебреште, сопственик на КП бр.731 и 834, а предходно прифатена од страна на Комисијата за урбанизам при општина Долнени.

**Член 3**

Изработка на локална урбанистичка планска документација се прави за КП бр.731 и 834 во м.в.Кај Бадемон за КО Дебреште, класа 7 со површина од 1502 $м^2$.

**Член 4**

Изработката на оваа локална урбанистичка планска документација мора да е во согласност со позитивниот Закон за просторно и урбанистичко планирање и Правилник за стандарди и нормативи за планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Долнени.

**Претседател на Советот**
**на општина Долнени**
**Севгани Османоски**

---

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Заклучок за прогласување Одлука за усвојување на Годишните Програми на основните училишта за учебната 2009/10 год, во општина Долнени.
2. Одлука за усвојување на Годишните Програми на основните училишта за учебната 2009/10 год, во општина Долнени.
3. Заклучок за прогласување Одлука за Ребаланс на буџетот на општина Долнени.
4. Одлука за Ребаланс на буџетот на општина Долнени
5. Заклучок за прогласување Одлука за формирање на Комисија за Месна Самоуправа.
6. Одлука за формирање на Комисија за Месна Самоуправа.
7. Заклучок за прогласување Одлука за изменување и дополнување на Прогрмата за зуредување на земјиштето на подрачјето на Општина Долнени.
8. Одлука за изменување и дополнување на Прогрмата за зуредување на земјиштето на подрачјето на Општина Долнени.
9. Заклучок за прогласување.Програма за измени и дополнување на Прогармата за зуредување на земјиштето на подрачјето на Општина Долнени.
10. Програма за измени и дополнување на Прогармата за зуредување на земјиштето на подрачјето на Општина Долнени.
11. Заклучок за прогласување Одлука за изработка на планска документација во општина Долнени.
12. Одлука за изработка на планска документација во општина Долнени.



**Печати Општина Долнени - Тираж 25 примероци.**
**Издава на служба на Општина Долнени.**
**Главен и одговерен уредник: Абдула Бајрамоски.**
**Изготвил: Исмет Ќамили.**